**Да ги освежи и зајакне антикорупциските знаења и практични вештини** на професионалците од целиот свет и да им овозможи вмрежување и остварување на нови контакти – тоа беше целта на седмата по ред „
Летна академија за антикорупција 2017
“ што се одржа од 30 јуни до 7 јули 2017 г. во Лаксенбург, Австрија, а на која учествуваше и Марија Саздевски од МЦМС.



Најзначајните пораки се:

1. **Корупцијата не е културолошка карактеристика**, која треба да се прифати во помалку демократски општества.

2. **Штетата на корупција не се мери само во финансиски средства**, таа доведува и до нарушување на основни човекови права.

3. За успешна борба против корупција, потребни се **мерки кои ќе го сменат однесувањето**, кое, со тек на времето ќе доведе и до промена на ставовите.



Вкупно **61 претставник** од јавни институции, меѓународни организации, приватен сектор, универзитети и граѓански организации од **40 земји** имаа можност да ја следат програмата која вклучи **повеќе перспективи на корупцијата** вклучувајќи **етика, психологија, право, економија**, и друго. Учесниците имаа можност и да дискутираат и дебатираат со предавачи од Соединетите Американски Држави, Хонг Конг, Кувајт, Јужна Африка, Холандија, Република Кореја и Словенија.

Летната школа ја организира Меѓународна академија за антикорупција ( International Anticorruption Academy - IACA ), меѓународна организација со седиште во Лаксенбург, Австрија. Ова е прва глобална институција од ваков вид, посветена на надминување на сегашните недостатоци во знаењето и практиката во областа на антикорупцијата.



МЦСМ континуирано вложува во капацитети на свои вработени овозможувајќи им учество на настани на реномирани меѓународни институции.